Република Македонија

Министерство за финансии

МФРМ.Ф.8.4/13-19

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
Бр. 03-1986/1
05-02-2019 год.
СКОПЈЕ

Друштво за компјутерски услуги
ИНТЕК СИСТЕМ ДОО
Бр. 0307/30-1/2019
06.02.2019 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР
## за поддршка и претплата на лиценци за Xerox DocuShare (DMS MIS системот на ЦФЦД)

Склучен помеѓу:

1. МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, со седиште на ул.„Даме Груев“, бр.12 - Скопје, претставувано од д-р Драган Тевдовски, Министер за финансии, во натамошниот текст: договорен орган и
2. Друштвото за компјутерски услуги „ИНТЕК СИСТЕМ“ ДОО Скопје, со седиште на ул.„Антон Попов“, бр.16Б, во Скопје, претставувано од Златко Ефремов, управител, во натамошниот текст: носител на набавката.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 1

Предмет на овој договор е поддршка и претплата на лиценци за Xerox DocuShare (DMS MIS системот на ЦФЦД) за период од 12 (дванаесет) месеци сметано од 01.02.2019 година, по спроведена постапка со барање за прибирање на понуди, по оглас број 23-2/2018.

Составен дел на овој договор се техничките спецификации од тендерската документација.

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 2

Вкупната максимална вредност на договорот е 800.000,00 денари без пресметан данок на додадена вредност.

На износот од став 1 на овој член се пресметува ДДВ во износ од 144.000,00 денари.

Вкупната вредност на договорот со пресметан ДДВ изнесува 944.000,00 денари.

## III.РОК И НАЧИН НА ИСПОРАКА

Член 3

Носителот на набавката е должен да обезбеди поддршка и претплата на лиценци за Xerox DocuShare (DMS MIS системот на ЦФЦД) за период од 12 (дванаесет) месеци сметано од 01.02.2019 година.

Носителот на набавката се обврзува обновата на поддршката и претплата да ја изврши во рок од максимум 10 (десет) дена од потпишување на договорот од двете договорни страни.

Носителот на набавката е должен по извршената обнова на поддршката и претплатата на лиценците кои се предмет на набавката да достави сертификат од производителот за извршената обновена поддршка и претплата на лиценците на име на Министерството за финансии.

## IV. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

Член 4

Плаќањето ќе се изврши врз основа на доставена фактура со која ќе се фактурира по извршената обнова на поддршката и претплатата на лиценците.

Договорниот орган ќе го изврши плаќањето во рок до 30 (триесет) календарски денови сметано од денот на приемот на фактурата. Фактурата за извршената претплата на лиценците се доставува на договорниот орган на следнава адреса: ул.„Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје.

Кон доставената фактура, носителот на набавката задолжително приложува испратница, потпишана со полно име и презиме од овластените лица од носителот на набавката и од договорниот орган, дека е извршена поддршка и претплата на лиценците.

## V. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 5

Носителот на набавката се обврзува и е должен веднаш по потпишување на договорот да пристапи кон неговата реализација на начин и согласно прифатените услови дефинирани во понудата.

Носителот на набавката е должен своите обврски да ги извршува стручно и квалитетно согласно со техничките спецификации кои се составен дел на договорот.

Активности на носителот на набавката за реализација на набавката се:

- Обнова на поддршката и претплатата на лиценците за 12 (дванаесет) месеци;
- Обезбедување на пристап до DSDN (DocuShare Developer Network);

- Отстранување на сите појавени bug-ови во комерцијалниот софтвер и
- Инсталирање на нови верзии на продуктот за времетраење на поддршката.

## VI. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

### Член 6

Договорниот орган се обврзува да ја плати уредно доставената фактура на начин и во рок утврден во член 4 од овој договор.

## VII. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 7

Носителот на набавката е должен на денот на стапување на сила на овој договор да му достави на договорниот орган безусловна, наплатлива на прв повик и неотповиклива банкарска гаранција за квалитетно извршување на договорот во висина од 10% од вкупната вредност на договорот со пресметан данок на додадена вредност, како средство за обезбедување на договорниот орган дека носителот на набавката навремено, квалитетно и согласно со условите предвидени во овој договор ќе го реализира предметот на договорот.

Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот треба да биде издадена од банка со седиште во Република Македонија или пак од странска банка која има најмалку „BBB“ кредитен рејтинг издаден од следните агенции за кредитен рејтинг: MOODYS INVESTOR SERVICE, STANDARD and POORS и FITCH RATINGS, за последната година.

Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот треба да е со важност од најмалку 13 (тринаесет) месеци од денот на стапување на сила на договорот склучен со избраниот носител на набавката.

Договорниот орган се обврзува на носителот на набавката да му ја врати банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот во рок од 14 (четиринаесет) дена од денот на целосното реализирање на договорот.

Договорниот орган нема да ја врати банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот и ќе бара нејзино активирање од банката која ја има издадено, доколку предметната набавка не е реализирана според одредбите од овој договор со што ќе објави негативна референца на ЕСЈН.

Договорниот орган нема да бара активирање на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот од банката која ја има издадено доколку носителот на набавката поради непредвидени околности (виша сила или други оправдани причини) не можел да ја изврши набавката што е предмет на овој договор, во кој случај носителот на набавката треба да достави писмено образложение до договорниот орган во кое ќе ги

наведе причините за неизвршување или ненавремено извршување на набавката, а кое треба да биде писмено прифатено од договорниот орган.

Договорниот орган ќе ја наплати гаранцијата за квалитетно извршување на договорот и доколку дојде до негово еднострано раскинување поради неизвршување на обврските од договорот од страна на носителот на набавката.

## VIII. УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 8

Овој договор може да се раскине спогодбено, во согласност на договорните страни.

### Член 9

Овој договор може да се раскине и еднострано поради непридржување или неисполнување на договорните обврски утврдени со овој договор.

Договорната страна која поради непридржување или неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.

Доколку дојде до раскинување на договорот поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на договорот од страна на носителот на набавката, покрај наплатата на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

### Член 10

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската од другата договорна страна или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

### Член 11

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност на договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

Член 12

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој договор до кое би дошло заради виша сила.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на вишата сила договорот продолжува да се реализира.

## IX. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 13

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на анекс на договорот.

Член 14

Договорот влегува во сила со денот на потпишувањето од двете договорни страни.

Член 15

Сите спорови кои ќе настанат во текот на работата, договорните страни ќе се обидат да ги решат спогодбено, во спротивно ќе решава надлежниот суд во Скопје.

Член 16

За сè што не е регулирано со овој договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи.

Член 17

При секоја обработка на личните податоци во текот на реализацијата на овој договор, соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

Член 18

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои 2 (два) примерока за договорниот орган и 2 (два) примерока за носителот на набавката.

ДОГОВОРЕН ОРГАН:

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
СКОПЈЕ

Д-р Драган Тевдовски
МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ

НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА :

Друштвото за компјутерски услуги „ИНТЕК СИСТЕМ“ ДОО Скопје

Златко Ефремов
УПРАВИТЕЛ

Изработил: Даниела Донова Ризов
Проверил: Елизабета Калачоска
Согласен: Татјана Васева
Одобрил: Елена Трпковска

Проверилe: м-р Татјана Трајковска/ Тања Танеска Лазаревска

# ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ

Предмет на договорот е обнова на поддршка и претплата на лиценци за Xerox DocuShare или еквивалентно за период од 12 (дванаесет) месеци, сметано од 01.02.2019 година, која обнова треба да ја изврши носителот на набавката.

Софтверски лиценци кои се предмет на поддршката и претплатата:

| | | |
|---|---|---|
| Standard DocuShare Server или еквивалентно | 1 | (еден) |
| DocuShare RWM CAL или еквивалентно | 130 | (сто и триесет) |
| DocuShare CPX CAL или еквивалентно | 20 | (дваесет) |
| DocuShare Content Rule Manager Module или еквивалентно | 1 | (еден) |
| DocuShare Enterprise Workflow Module или еквивалентно | 1 | (еден) |
| DocuShare Developer Network Free (DSDN) API или еквивалентно | 1 | (еден) |

Минимум вклучени сервиси:

- Клиент за архивирање (Archive client)
- CPX Сервис или еквивалентно - овозможува управување со работни околини на тимови и воспоставување правила за автоматизација на процесите (CPX Service)
- Агент за електронска пошта (Email Agent Service)
- Сервис за надворешни бази на податоци (External Database Service)
- Целосно пребарување (Full Search Service)
- Целосна претплата (Full Subscription Service)
- Управување со работни процеси (Full Workflow Service)
- Пристап на корисници гости (Guest Access)
- Сервис за конверзија во HTML (HTML (HyperText Markup Language) Conversion Service)
- Протокол за управување со кориснички профили LDAP (LDAP (Lightweight Directory Access Protocol) Directory Service)
- Сервис за конверзија на PDF документи (PDF Conversion Service)
- Брзо пребарување (Quick Search)
- Клиент за скенирање (Scanning Client)

**Дополнителни функции:**

- DocuShare Print and Email или еквивалентно

DocuShare Print and Email е додаток кој овозможува пронаоѓање, пристап и безбедно печатење или споделување на документи директно од DocuShare, без оглед на тоа дали се работи од дома или во канцеларија.

- ConnectKey for DocuShare (1MFP) или еквивалентно

ConnectKey for DocuShare е високо продуктивно решение за скенирање кое интелигентно ги скенира документите и покренува работен процес врз основа на видот на документот.

Апликации од трета страна:

- PDF Converter со OCR (Optical Caracter Recognition) со минимум англиска и македонска поддршка (50 CAL) или еквивалентно

PDF Converter е апликација за креирање, конверзија со оптичко препознавање на карактери (OCR) со минимум англиска и македонска поддршка, уредување, комбинирање и споделување на скенираните документи со други документи во различни формати.

ОПИС НА ПОСТОЕЧКИОТ СИСТЕМ

Во Министерството за Финансии постои DMS (Data Management System) систем за управување со документи Xerox DocuShare верзија 7, како составен дел на ИТ инфраструктурата, за кој е потребна поддршка и претплата на лиценците. Xerox DocuShare претставува стандардна документ – ориентирана платформа, која што претставува комерцијална COTS (commercial off-the-shelf) апликација со дополнителни модификации во Java. Апликацијата е наменета за сите корисници на системот за менаџирање и чување на сите документи, како и за дефинирање и следење на работните процеси кои се дефинирани во овој систем. Дополнително направена е интеграција со архивскиот модул Suscriptor for Docushare, самостојна апликација изработена во Java развојна околина, која служи за водење на интерната архива.
Корисници на системот се Секторот за централно финансирање и склучување на договори и Секторот за управување со средства од ИПА фондови при Министерството за финансии, како и надворешни корисници од институциите кориснички на средства од ИПА фондовите.

Системот е имплементиран на следната платформа:

- Virtual Server running in VMware Virtual Environment 4 vCPU, 16GB RAM, 32 + 320 GB HDD
- Red Hat Enterprise Linux Server release 7 (64 bit)
- PostgreSQL 9.2.24
- Xerox DocuShare v 7
- Suscriptor for Docushare

Xerox DocuShare е веб базирана програма која овозможува едноставно и ефикасно управување со електронските содржини. Таа на корисниците им нуди можност да складираат и организираат разни содржини, да соработуваат со другите корисници за разни проекти, да ја пронајдат и преземат бараната содржина и да ги автоматизираат процесите со документите.

Клучни можности кои ги нуди Xerox DocuShare:

- Складирање на документи и други типови на објекти;
- Чување на повеќе верзии на документите, евидентирање на историјатот на измените и заклучување на документите со цел спречување на нивно истовремено едитирање;
- Контрола на пристапот до сите објекти;
- Креирање на известувања за измена, додавање и бришење на документи;
- Пренасочување на документите за одобрување или проверка.

Колекции и документи

Системот за управување со документи содржи повеќе одредишта за складирање, наречени колекции (папки), во кои може да се складираат документи и други објекти.
Користењето на системот овозможува складирање на документи, како и пристап и управување со истите. Документите може да се креирани во повеќе стандардни формати. Додавањето на документите се прави со нивно качување од локален или мрежен диск во одредена колекција во системот. По нивното додавање, сите мрежно поврзани корисници со соодветни привилегии за пристап може со помош на веб пребарувач да ги пронајдат, прегледаат, променат и да ги преземат.

Промена на документ

Системот нуди комплетен развоен циклус на документите и колаборација на корисниците. Опциите за одјавување и заклучување на документите ги оневозможуваат корисниците истовремено да прават промени на ист документ. Контролата на верзиите се грижи за кориснички дефинираниот број на верзии на еден документ.

Привилегии

Секој објект има збир од доделени привилегии кој се нарекува листа за пристап. Привилегиите претставуваат права за пристап, со кои дефинираните корисници или групи на корисници можат да прегледуваат, бришат или менуваат некој објект. Сопственикот на објектот или корисникот кој има право за управување на објектот, може да додели нови, или да направи промени на привилегиите.

Календари

Кон колекција може да се додаде календар за да корисниците бидат во тек со нивните

обврски, состаноци и останати активности. Доколку повеќе корисници се задолжени за некој проект, календарот може да биде поделен помеѓу нив за полесно управување со задачите и временските рамки.

Дискусии
За да овозможи online размена на идеи, системот подржува континуирани дискусии. Може да се додаде контејнер со име дискусии во кој некои корисници додаваат теми кои другите корисници ги читаат и оставаат коментари за нив.

Известувања
Известувањата овозможуваат корисниците да добиваат електронска порака секогаш кога ќе се случи промена на некој објект во системот.

Пребарување
Можноста за пребарување овозможува брзо пронаоѓање на објекти во системот. Може да се пребарува на различни начини. На пример може да се направи едноставно пребарување со клучен збор, по што системот ќе ги пронајде сите објекти кои го содржат клучниот збор или зборови. Но може да се комбинираат и повеќе термини за да се пронајдат специфични објекти. Кога некој објект се додава во контејнер, системот го индексира истиот и во базата ги додава неговите својства (или таканаречени метадата полиња) и ако објектот е документ тогаш се додава и неговата содржина. Алатката за пребарување ја проверува базата за да пронајде објект кој одговара на барањето. По користењето на опциите за напредно пребарување, параметрите од пребарувањето можат да бидат зачувани за подоцна да се употребат повторно, или за да се споделат со другите корисници.

Пренасочување на документи
Системот овозможува автоматизирање на процесот на пренасочување на документот кон корисниците, како и задавање на специфични задачи на корисниците по пренасочувањето на документот. Додека некоја задача е во тек, корисниците можат да го следат нејзиниот прогрес и статус.

Поддршката и претплатата на постоечките Xerox DocuShare лиценци вклучува техничка поддршка во случај на конкретни технички проблеми во работењето кај корисникот поради грешки (bugs) и сигурносни пропусти во стандардниот софтвер на постоечките инсталации на продуктот, додека претплатата на лиценцата значи бесплатно добивање на сите нови верзии на продуктот за времетраење на подршката.

**Активности на Носителот на набавката за реализација на набавката се:**

- Обнова на поддршката и претплатата на лиценците за 1 (една) година
- Обезбедување на пристап до DSDN (DocuShare Developer Network) или еквивалентно

- Отстранување на сите појавени грешки (bugs) во комерцијалниот софтвер
- Инсталирање на нови верзии на продуктот за времетраење на поддршката

Носителот на набавката е должен на денот на активирањето на поддршката и претплатата на постоечките кориснички лиценци да достави документ/потврда за поседување на лиценцата од производителот или License Certificate.